**Поглавје 29: Царинска унија**

Сите земји-членки се дел од царинската унија на ЕУ и следат исти царински правила и постапки. Ова бара усогласување на законодавството, соодветен капацитет за спроведување и примена и пристап до заедничките компјутеризирани царински системи.

| |
|---|
| Северна Македонија има **добро ниво на подготвеност** во оваа област. Постигнат **е ограничен напредок** во консолидацијата, примената и надградбата на ИТ системите, додека Концептот на овластени економски оператори (ОЕО) е дополнително промовиран, вклучително и преку иницијативи за регионална соработка меѓу царинските служби на земјите од Западен Балкан (WB6). Имплементацијата на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS) Фаза 5 се забележува одложувања. Северна Македонија допрва треба да го ратификува Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи.<br><br>Препораките од минатата година беа делумно спроведени. Следната година, земјата треба:<br>→ да го имплементира Новиот компјутеризиран транзитен систем Фаза 5;<br>→ да продолжи со консолидација и целосна употреба а своите ИТ системи, вклучително и усогласување со модулите за Повеќегодишниот акциски план (MASP) на Комисијата да обезбеди нивна континуирана надградба и деловен континуитет;<br>→ да го ратификува Протоколот за елиминирање на нелегална трговија со тутунски производи. |

Степенот на усогласеност на **царинското законодавство** со правото на ЕУ е висок. Царинската тарифа од 2023 година е усвоена и истата ги одразува најновите измени во Комбинираната номенклатура на ЕУ. Имплементиран е Дополнителниот протокол 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата, а продолжи и промоција на концептот на Овластен економски оператор (ОЕО). Досега 27 компании се иматели на уверението ОЕО[1].

Северна Македонија допрва треба да го ратификува Протоколот за елиминирање на нелегалната трговија со тутунски производи, потпишан во 2014 година. Во однос на **административниот и оперативниот капацитет**, стандардите за професионален интегритет и антикорупција се применуваат доследно.

Воспоставен е сеопфатен разузнавачки систем за поддршка на контролата и истрагите. Управувањето со ризик се применува систематски со процент на физички контроли од 5,9 % и документарни контроли што сочинуваат 15,7 % од сите пратки во 2022 година. Приходите на Царинската управа се зголемени за 15% во однос на 2021 година и изнесуваат околу 2 милијарди евра.

Заеднички гранични контроли се спроведуваат со Србија, додека едношалтерскиот систем е воспоставен и на главниот граничен премин со Албанија во август 2023 година. Продолжи дигитализацијата на царинските постапки и воведена е зелена царинска декларација, со што се овозможува завршување на увозните и извозните постапки за еден час, во целосно безхартиена постапка.

[1] Овластен економски оператор

Усвоена е Стратегија за развој на ИКТ 2021-2025 година, која има за цел да обезбеди координиран и навремен развој на националните системи со оние на ЕУ. Имплементацијата на NCTS фаза 5 се соочува со одложувања. Системот за електронска размена на податоци (SEED+) е во функција, кој овозможува усогласена работа на службите присутни на границите. Бројот на заплени е двојно зголемен во однос на претходната година, со 114 заплени во 2022 година кои вклучуваат дрога, девизи, злато и непријавена акцизна стока. Продолжи соработката и размената на разузнавачки информации со царинските служби од регионот и со меѓународните и регионални организации.